*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1542/3*
*10.05.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Штип за 2024 година со Одлука бр. 08-687/1од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**

За организирање на јавна презентација и јавна анкета
по изготвен

ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б-Комерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2,
КО Штип-6, Општина Штип
НАЦРТ-ПЛАН
(Плански период 2023-2028)

Просторот дефиниран за изработка на **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена БКомерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип**, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Штип сместен во југоисточниот дел на градот во непосредна близина на река Отиња и браната на р.Отиња.

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- на север и на запад планскиот опфат граничи со КП 8572/1
- на исток опфатот е дефиниран со осовината на пристапната улица, на КП 8307;
- на југ опфатот е дефиниран по осовината на сервисната улица "Сутлак".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален урбанистички план за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В - Јавни дејности и



Scanned with CamScanner

институции, на КП 8306/1, КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 4645.13 м2, односно 0,46 ха.

Документацијата ќе биде изработена во согласност со новите и тековни законски прописи, правилници и регулативи т.е Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Сите поединечни елементи ќе содржат текстуален дел со билансни показатели за постојната и планираната состојба како и потребен број на графички прилози.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип - Плански период 2023-2028 - , ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

**Подрачје на плански опфат**




**ЈАВНИОТ ПОВИК** за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на **13 Мај 2024 год (Понеделник) и истата ќе трае петнаесет работни дена пред започнување на Јавна анкета и Јавна презентација односно до 3 Јуни 2024 год (Понеделник).**



Scanned with CamScanner

ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од урбана четврт ЈИ.02.02 со основна класа на намена Б - Комерцијални и деловни намени и В-Јавни дејности и институции, на КП 8306/1, дел од КП 8306/2, КП 8306/3, КП 8580/1 и КП 8580/2, КО Штип-6, Општина Штип - ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 работни дена и тоа од 04 Јуни 2024 год (Вторник) и истиот ќе трае до 16 Јули 2024 год (Вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 03 Јули 2024 (Среда) во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.**

Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма преку информатички систем на е урбанизам.

*Изработил:*
*Драгана Штерјова, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*

*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
***Градоначалник***
***Иван Јорданов***

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner